Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10,51/11, 123/12, 164/12, 93/13, 163/13, 42/14, 44/15, 192/15, 39/16, 99/18, и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.89/22), Министерството за транспорт и врски, на ден __.__.2022 година, донесе

**Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Државна урбанистичко-планска документација за изградба на контролен центар за надзор на тунел на Автопат Кичево Охрид, на дел од КП2910 КО Врбјани, на магистралниот пат М4 (Е65) , Општина Дебарца, со својата местоположба припаѓа на територијата на КО Врбјани, Општина Дебарца, кој го донесува Министерството за транспорт и врски, не е потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на Државна урбанистичко-планска документација за изградба на контролен центар за надзор на тунел на Автопат Кичево Охрид, на дел од КП2910 КО Врбјани, на магистралниот пат М4 (Е65) , Општина Дебарца, се определуваат: општина Дебарца, Министерство за транспорт и врски, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за култура - Управа за заштита на културното наследство, Министерство за здравство, Министерство за економија, Дирекција за заштита и спасување, А.Д. Водостопанство на Република Македонија", ЕВН, МЕПСО, Македонски телекумуникации, Комунални претпријатија, здруженија на граѓани, претставници од стопанскиот и граѓанскиот сектор и др.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од Член 65 став 4 од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината на образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на Државна урбанистичко-планска документација за изградба на контролен центар за надзор на тунел на Автопат Кичево Охрид, на дел од КП2910 КО Врбјани, на магистралниот пат М4 (Е65) , Општина Дебарца, со својата местоположба припаѓа на територијата на КО Врбјани, Општина Дебарца, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: телекомуникациската опрема во контролниот центар не претставува значителни извори на емисии, кои можат да го нарушат квалитетот на животната средина и здравјето на луѓето. Добиената енергија од обновливи извори има големи позитивни влијанија врз зачувување на квалитетот на животната средина и обезбедување на одржлив развој.

4. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната http://mtc.gov.mk.

Министер

Благој Бочварски

Бр.67-600/1

Датум: 23.01.2023

Место: Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ - SKOPJE - SHKUP